ТТК БАНКА АД Скопје Бр. 1
Бр. 02-2627/7
29 -03- 2024

Врз основа на член 490 од Законот за трговски друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 290/20, 215/21 и 99/22) и член 40 став 1 алинеја 5 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на ден 29.3.2024 година, ја утврди следната:

# О Д Л У К А

## за определување на износот на дивиденда и датуми на исплата на дивиденда за 2023 година (дивиденден календар)

### Член 1

Да се исплати дивидендата во бруто-износ од 104.283.288 денари.

Дивидендата за 2023 година ќе се исплаќа дел во акции преку издавање емисија на акции по пат на приватна понуда наменета за акционерите, и дел во пари (на платежни сметки на акционерите),сразмерно на учеството на нивните акции во дотогашната основна главнина

Банката, во согласност со важечката регулатива, од бруто-износот на дивидендата:

а) при исплата на физичките лица ќе задржи и ќе уплати данок на личен доход,
б) при исплата на правните лица ќе задржи и ќе уплати данок по задршка каде што е применливо.

За предложениот износ на дивидендата за 2023 година, акционерите ќе бидат известени преку Повикот за учество на Годишното собрание на акционери на Банката.

### Член 2

Висината на бруто-дивиденда по акција ќе изнесува 108,00 денари, односно 10,8 % од номиналната вредност на акциите којашто изнесува 1.000 денари и тоа 76 денари бруто-дивиденда во акции по пат на приватна понуда наменета за акционерите и 32 денари бруто-дивиденда во пари (на платежни сметки на акционерите).

### Член 3

Собранието на акционери на ТТК БАНКА АД Скопје ќе се одржи на 29.3.2024 година, а датумот на евиденција според кој ќе се определи листата на акционери кои имаат право на дивиденда за 2023 година е 27.3.2024 година.

### Член 4

Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2023 година е 25.3.2024 година, односно право на дивиденда ќе имаат акционерите регистрирани во акционерската книга на 27.3.2024 година.

### Член 5

Прв ден на тргување без право на дивиденда за 2023 година е 26.3.2024 година.

**Член 6**

Издадените акции од новата емисија на акционерите ќе им бидат регистрирани на сметките на сопствениците во Централниот депозитар на хартии од вредност по усвојувањето на одлуката од Собрание на акционери на Банката и добивањето одобрение/согласност од регулаторните тела.

Исплатата на дивидендата за 2023 година во пари (на платежни сметки на акционерите) ќе се изврши по уписот на зголемувањето на основната главнина во Централниот регистар на Република Северна Македонија и по уписот на новата емисија на акции во Централниот депозитар за хартии од вредност најдоцна до 30.9.2024 година.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

**Собрание на акционери на Банката**

**Претседавач,**
**Томе Волкановски**

___________________________________